

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk

## ДЕКЕМВРИ 2023

# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИ ДВИЖЕЊА

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Макроекономските податоци кои беа презентирани на крајот на 2023 година беа доволни за пазарите на капитал да го продолжат позитивниот принос остварен во претходниот месец. Инфлацијата повторно забележа намалување во текот на декември, по што долгоочекуваното „меко приземјување“ изгледа повеќе возможно.

Глобалниот индекс MSCI ACWI оствари раст од 4,70% во изминатиот месец и годината ја заврши со принос од 20,09%. Следено по региони, повторно и овој месец сите регионални индекси забележаа позитивен принос. S&P 500 индексот каде се опфатени американските акции, оствари највисок принос од 4,42%, додека веднаш по него следи MSCI Asia – Pacific индексот со раст од 4,41%. Најнизок принос во текот на декември забележа индесот MSCI Emerging Market каде се вклучени акциите од брзорастечките економии, изнесувајќи 3,71%. На крајот од 2023 година, највисок принос беше постигнат од S&P 500 индексот со значителни 24,23%, додека најнизок принос забележа MSCI Emerging Market индексот кој изнесуваше 7,04%.




MSCI Asia – Pacific – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија –Пацифик
MSCI Emerging Market – Индекс кој ги следи движењата на акциите во 25 земји во развој
STOXX 600 – Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)
S&P 500 – Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација
MSCI ACWI – Светски индекс на акции кој ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*




Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)(02) 3224 229, www.mapas.mk

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ



Во текот на декември, македонскиот берзански индекс МБИ 10 забележа пораст од 1,16% и годината ја заврши со принос од 8,21%. Од акциите кои го сочинуваат, најголем принос во изминатиот месец оствари Уни Банка чија цена порасна за 10,00% и претставува акција со највисок раст во 2023 година кој достигна 41,43%. Најслаб перформанс оствари Макпетрол со пад на вредноста на акцијата од 0,31%. Како акција со најнизок принос во текот на годината е Гранит, чија вредност се намали за 7,52%.




*Извор: Блумберг*

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk

# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ



Во декември беше забележано големо намалување на приносите на долгорочните обврзници. Причина за ова движење беа централните банки кои на последните состаноци ги задржаа каматните стапки непроменети, а истото се очекува и за следните. Најголем дел од очекувањата за започнување на процесот на намалување на стапките остануваат исти како и досега, во втората половина на 2024 година. На крајот од годината, највисок принос од анализираните обврзници има македонската обврзница, изнесувајќи 5,21%, додека најмала стапка на принос има јапонската обврзница, кој изнесува 0,61%.

*** Приносот се однесува на еврообврзница со датум на доспевање 03/10/2028**




*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ



Најголем пораст од 3,67% во однос на еврото забележа јапонскиот јен (JPY), додека вредноста на американскиот долар (USD) повторно се намали и изминатиов месец, овојпат за 1,36%. На крајот од годината со најголем пораст заврши швајцарскиот франк кој достигна 6,59%. Од друга страна, поголемиот дел од прикажаните валути имаа помала вредност, при што најголем пад оствари руската рубља, 19,05%.

**Движење на светските валути во однос на еврото (EUR)**




*Извор: Блумберг*